# Нашиот пилот се има заклучено во кокпитот

Бранко Трички Трички



едиција
СЛОБОДИШТЕ #2

# Содржина

Нашиот пилот се има заклучено во кокпитот ...... 3

Ти си му дал цела шума,
а тој ти враќа едно вретено ........ 4

Со кого си имаме работа, бе! ........ 5

Срѓан Керим - Кенот на вмровската Барбика! ...... 6

Венко Андоновски
(alias „Цицката на Тамара“)
пред умоболниот хор во „Александар Палас“! ........ 7

Водно како Бивер Крик! ........ 9

Партијата, учителке, ја изеде државата,
а фамилијата ја изеде партијата ........ 10

Море носете се у пизду материну,
стоко бандитска! ........ 12

Ордите на Груевски ми го убија џипот! ........ 14

Груевски ќе биде изложен во стаклен столб на
плоштадот „Македонија“! ........ 16

# Нашиот пилот се има заклучено во кокпитот

Механизмите на нашата драма се слични со трагедијата на германскиот авион во француските Алпи: и нашиот пилот се има заклучено во кокпитот и, еве, веќе десет години македонскиот авион со наведнат клун паѓа од безбедните височини на европското небо – во ниската магла на балканската самодеструкција! Меѓу очајните патници се шират гласини дека поради наглото губење на височината, разумот на пилотот останал залепен за плафонот на пилотската кабина! И дека не бил со сите и кога му бил во главата! Брисел, Берлин и Вашингтон ја имаат шифрата за отклучување на кокпитот од надвор! Разумот налага светот да влезе и да види во што е проблемот! А не после да ја бара црната кутија по тешко пристапниот терен на Мариово или на Овче Поле!

Последната бомба на Заев ги потврди моите стравувања. Бидејќи не станува збор само за тие 5 проценти односно 18 или 25 милиони евра провизија што бандата ги украла само на еден патен правец, туку станува збор за нови основи за нашите стари сомневања: дека со секоја плочка што последниве десет години е ставена по нашите тротоари, со секое кило бронза, со секое коњско копито и комитски мустаќ, со секој државен и локален буџет, државата и луѓето биле системски и систематски пљачкосувани до нивото кое ги надминува финансиските апетити и на најлудите лудаци!

Така се доближувме до минуциозно разработениот план за економско-финансиско декапацитирање на Македонија во пакет со нејзинито културно, национално и историско десубјективизирање! Со други зборови, ние сме жртва на поголемо злосторство од пљачката и на поголем разум од инфантилното ниво на Миле, Гоца, Саше, Зоки и Шефот! Нешто што допрва ќе треба да се истражи! Во таа смисла, ние сме навистина патници во авионот што со злосторнички намери го има киднапирано нашиот пилот! ■

# Ти си му дал цела шума, а тој ти враќа едно вретено

Ти си му дал држава, добро, не којзнае каква држава, но пристојна држава, држава во претсобјето на Европската унија, функционална држава, одржлива – а тој ја разглобува и прави митинг! Ти си му дал влада, собрание, министерства, судови, буџети, телевизии и весници, меѓународни инстанци, ти си му дал да води политика и инструменти и ресурси на таа политика и за таа политика – а тој полни возови и автобуси и прави митинг! Ти си му дал граѓани кои го трпат девет години, дури и грандиозниот митинг што го направија во неделата, меѓу другото, беше израз на тоа трпење, а тој им враќа со митинг против граѓаните, независно од тоа дали тие што тој ги мобилизирал ќе ги сметаме за граѓани, зашто се ограничени во волјата на најбрутален начин, што значи дека, сепак, не се! Ти си му дал една голема играчка, собен воз, на пример, а тој ти враќа едно тркалце.

Тој е како шумарот на кого си му дал цела шума, Пелистер, да речеме, со сите молики, дабови и јасени, со сета трева, со сите волци, мечки и овци, а тој ти враќа едно вретено.

Како Александар Трети Македонски да го разбудиш и да му ги дадеш денеска сите авиони, бродови, тенкови и сателити, сите хеликоптери, а тој да тргне на Персија со сто коња!

Како да го однесеш Павел Шатев на шопинг на „Симитски“, а тој да фати да потопува бродови во Солунскиот залив!

Како на Кирил да му дадеш Ајфон шест плус, а тој да земе да ти црта букви со лозова прачка во правливиот пат!

Какво раздржавување на Македонија!

Тоа е, драги пријатели! Нашата мисија е да го спречиме! Да му ја земеме шумата! И играчката да му ја земеме! Да му земеме сѐ што е наше! А наше е сѐ!

Дури и неговата ќелија во „Идризово“ е наша! ■

# Со кого си имаме работа, бе!

Само што влегов во омиленото кафуле кога, оп, главниот менаџер фати да ме пипка по челото!

Не се плаши не се бој, ми рече пријателски, не е лигавка, не е шап, нема да ти требаат парите на Парнаџиева и на Тодоров, нема да умреш, мислам, од болест нема да умреш, продолжи, само сакам да ти ја видам дупката од чиодата со која Миленко сношти те закачи на својот телевизиски ѕид!

Кој Миленко, бе, која чиода, каква дупка, каков ѕид!?

После разбрав дека некоја дебела глиста имала свое шоу во Канализацијата на чипираните идиоти на власта. Ја отворивме шахтата и – што ќе видиме – многу интересно предавање, со тоа што ми се виде дека глистата говори со растреперен глас, како да полагаше државен испит на факултетот за безрбетници на дното на груевистичката клоака! Како да ја беше фатила истата фуфка што малку пред тоа го беше фатила и главниот уредник на Шител, па човекот настапи со инфантилната понуда Заев да му ги даде компромитирачките материјали за 15 минути време во неговиот дневник, а Бурекџијата успеа со помош на еден гледач да излезе од својата усмрдена урда и да се демолира самиот себе пред вклучените камери!

Од тоа што го видов и чув можам да кажам дека меѓу мноштвото ступидарии, лаги и евтини конструкции речиси за сите луѓе од Ѕидот на плачот на чипираните идиоти, оценката за мојата маленкост беше прилично коректна: јас навистина ширам говор и писмо, култура на омраза кон говњарите, кон глистите и стаорците, кон другите смрдливци што го окупираа јавниот простор, кон неверојатниот феномен што го илустрираат, ги мразам повеќе отколку што како дете го мразев рибиното масло со кое ме клукаа; во таа смисла сосема коректно бев ставен под прашањето „со кого си имаме работа, бе“: да, мекотели, си имате работа и со мене, бе! ■

# Срѓан Керим - Кенот на вмровската Барбика!

Како претседател на Генералното собрание на Обединетите нации успеа да покаже колку може да биде скапо и бесмислено занимавањето со меѓународните прашања кога во својата пристојност светот ќе побрза таа работа да му ја додели на еден парадер, како специјален пратеник на генералниот секретар успеа да ја прешалтува ринглата на која се вари планетата на деветка и да го надмине, впечаток е, по негативното влијание врз климата влијанието на сите издувни гасови, од прдежот на Хомбах, до оџаците на сите странски инвестиции во Македонија, има единствен и неповторлив талент да пресушува сѐ во што ќе влезе, еве, сега на молба од Куала Лумпур, ќе се обиде да го исуши Индискиот океан за да можат Малезијците да го најдат исчезнатиот авион на својата компанија, како претставник на ВАЦ за Македонија го озрачи медиумскиот простор и веднаш потоа го забрза распаѓањето на таа загадена материја на три-четири години, Дејвид Ајк за него би рекол дека е од гмазовите (македонскиот збор влечуга не е најадекватен) и, навистина, ако го погледнете убаво, нема да можете да не ја забележите змиската форма на неговата глава, амбасадорската кариера во Германија му е обележана со спомен плоча на влезот во Дрезден банката, во последниве десетина години настапува како Кен на злосторничката Барбика на вемерето, чиста полониумска пластика, во претходниот живот бил поглавица кај Сијукс-Лакота Индијанците во Дакота под името Големото Шише, тоа е истото шише што унгарските цариници го беа фатиле полно со евра во автомобилот на неговиот возач, тој беше тоа шише, тој тогаш не беше во Скопјанг, беше со својот возач користејќи ја моќта да се трансфирмира и да се движи низ светот во разни форми и димензии и на сите на кои ќе им се упика, да им го даде тонот на својата лигавост и безрбетништво, на лисицата, на будалата, на поетот, на министерот, на амбасадорот, на ништото, на секретарот, на кодошот, на шишето, на еврата, на доларите, на стоката, на ураниумот збогатен со станови и пари итн.!

Дами и господа: **Срѓан Керим! (Кен)** ■

# Венко Андоновски (alias „Цицката на Тамара“) пред умоболниот хор во „Александар Палас“!

Не би сакал да го вознесувам мојот пријател Ерол Ризаов, но тој е како Ник Кејв кој на промоцијата на својот албум ја викнал Тамара Тодевска како главен говорител и исполнител. Или Благица Павловска.

Венко Андоновски е Благица!

Или Тамара!

Цицката на Тамара!

Како Есма Реџепова да ме промовира мене!

„Венго фантажија“ пееше Оливер без да знае дека венгото ќу му биде слика на македонска ситуација. Многу заебана, додуша, ама ситуација која ниту една далматинска фантазија не би можела да ја измисли!

Се шокирав кога го видов пред промоцијата на книгите на Ерол!

А кога излезе да збори, ќе паднев од столчето да не беа некои пријатели да ме задржат! Не би сакал да навредувам, но ни да молчам: Амир Ата на молитвен појадок кај Обама!

Втората работа е тој огромен бран што ги носи нашите ајкули и нас како андоновистички ајкули, всушност, планктони и медузи: тие, односно ние, се, односно сме, горе, па доле, па во песокта на брегот, па пак во водата!

Две третини од присутните на промоцијата на книгите на Ризаов можат да постојат само при апсолутно отсуство на свест, совест и морал! Хомоиди кои немаат никаков проблем да изградат спомен дом на баба ѝ на етереза од главите на децата што пресно ги колат пред нивните очи. Или бродски лимови од луѓе, фамилии, бизниси, култури. Или џез фестивали од смрт. Или вино од крв, од вистинска ми крв. Или онаа дебела битанга за која некои ми велат дека била претседател на МАНУ!

Не можам во овој момент да се сетам на сета стока што беше во „Александар палас“!

На сите слонови на чиј грб дојава Груевски и ја исчисти шумата!

На сите што немаат никакви проблеми да бидат и во колежот и во крематориумот и во слободата, да се тушираат во кабините на Аушвиц и да пеат на Новогодишниот концерт во Виена!

Всушност, тие со слободни!

Слободни се од сè!

Дури и од најтешкиот затвор на разумот!

Се разочарав зашто видов дека во Македонија може да се смени власта, но не може да се смени Македонија. Видов дека Македонија си ја носи својата смрт со себе, дека и кога ќе умре ќе продолжи да се труди да се убие!

Таа ги менува формите на својата смрт: кога некои мислат дека се обидува да се спаси, таа ужива во умирањето.

Тие се во право: умирањето и е форма на спасот.

Така таа се доживува себе!

Односно умира!

Не е тешко да бидеш гомно!

Тешко е да смрдиш неподносливо!

Андоновски го промовираше авторот што претходно го беше убил. Не знам што му беше на убиениот да го покани убиецот да го промовира! Всушност, знам, но тоа е тема за некоја друга прилика...

А хорот, умоболниот хор, натрескан со пари, јахти и мали умоболници на студии во разните цириси и женеви, правеше убав, многу сладок, симпатичен фон!

Стока! ■

# Водно како Бивер Крик!

Миле, а, бе, знаеш што ми текна, да го кренеме Вардар да минува кај што е сега каналот, малку да го прошириме каналот, да го исчистиме од жртвите на Протуѓер, па лево од него едно сто метри угоре, да може реката да дојде до... не можам да ти ги кажам деталите по телефон, ти текнува, нели... Оти вака, џабе ми скапува глисерот во Охрид, плус ти знаеш дека сите ние и Боркица и децата и масерката и тренерката по фитнес и логопедката и маникирката и молерите и градинарите, за чуварите да не правиме муабет, обожаваме на Богојавление да се фрламе по крстот, така што, мислам, би било убаво и практично премиерот да се фрли, да го фати крстот и да се симне доле на работа, види со тоа дупот и гупот, не би сакал да ги кршиме прописите, знаеш и уште нешто, ало Миле, ме слушаш ли, види и ридот ако може малку да го натрупаме бе, си видел ли ти какви ридови има во Швајцарија, Аделбоден, ме бендиса, да ти кажам или еве сега, кога бевме во Америка по инвестиции, имааат едно Водно, мислам дека им се вика Бивер Крик, во Коло Радо, ние би можеле да го викаме Коло Калајџиско, ти знаеш дека Рада не можам да ја смислам!

И уште една работа сакам да те замолам, Миле. Абе не се спие од ова крстот, око не можеме да склопиме со Боркица, блешти-трешти навечер! Стајте некои венецијанери, богати, или види со „дурекс“ да му бапнеме некој куртон, скулптура – и мирен сон, ете што ќе добиеме... Јави му се на дедо Стефан, ако многу инсистира, можеме и „тројан“ да го ангажираме, не е добро да фаќаме кавга со црквата за еден куртон! Значи, плус куртон за крстот! ■

# Партијата, учителке, ја изеде државата, а фамилијата ја изеде партијата

Ми се допаѓа дефиницијата на времето што осамна на Фејсбук профилот на Милчин: партијата, вели професорот, ја изеде државата, а фамилијата ја изеде партијата.

Кога утре ќе го прашаат малиот Трпе да каже нешто за Македонија под власта на вемерето, тој за чиста петка ќе треба да го каже токму тоа: партијата, учителке, ја изеде државата, а фамилијата ја изеде партијата.

И во молитвените протоколи на коалициските партнери на лапачите од трпезата на клерофашизмот, би можело да се најде место за оваа дефиниција; некаде меѓу евангелијата по Лука и Јован да се помести и мислава; ако треба, за да не се возбудуваат верните верници, нека се кажува дека во тој момент ќе се чита од евангелието по Милчин! Што ќе биде исто како да се чита од индулгенцијата за невиноста на МПЦ во изедувањето до смрт на нашата слатка и никогаш непрежалена – Македонија!

Ме радуваат најавите дека на постдипломските студии на „Беркли“ и на „Ломоносов“ веќе во есенските семестри ќе почне да се изучува и темата „Македонија: како се изедов самата себе“, а на „Харвард“ и на „Кембриџ“ – „Мракот на светоста: ВМРО“. Популарноста на студиите за растежот и крајот на општествените формации расте од година на година, а во тие рамки чудивишното искуство на Македонија почна да го потиснува научниот интерес за крајот на Ацтеките, додека интересот за распаѓањето на Либиската џамахирија на Моамер Ел Гадафи се одржува само поради фамилијарниот карактер на двете диктатури и исчекувањата да се види дали и македонската фамилија ќе заврши како либиската!

Најмногу би се радувал да чујам дека ќе има прскање против глупоста, со авионите на земјоделската авијација или на военото воздухопловство, со летоци на кои ќе пишува: партијата ни ја

изеде државата, а фамилијата (Груевски-Мијалков) им ја изеде партијата! Па да ги пуштат и децата и родителите да трчаат по тие летоци како што јас сум трчал низ ливадите овчеполски и колена да кршат од љубопитство и радост, а не да се влечат по музеите на смртта и меѓу спомениците на несреќата да се родат тука! Никој не бара да ја уништиме глупоста, но со два милиона пораки можеби ќе успееме да ја направиме макар малку поподнослива! ■



# Море носете се у пизду материну, стоко бандитска!

Признавам дека паѓањето на чипираните идиоти ми причинува чудно и интензивно задоволство. Уживам во ерозијата на злото, во бавната смрт на несреќата и во освојувањето на слободата како единствен процес. Природата на тоа чувство ја одредува присуството на распаѓачкото зло и извесноста на слободата. Тоа чувство веројатно е посилно кај човек ослободен од мирисот на смртта што му го носи злото со секој свој гест! Секој атом што му го одземаме на Надвојводата се прелева на страната на слободата, на правдата, на нормалноста – и предизвикува силна сатисфакција! Ова е единственото време на политички мотивираните задоволства бидејќи се плашам дека кога лудаците ќе паднат, грижите ќе ги заземат местата на убавите чувства...

Но, да ги оставиме маките за после. Да им се препуштиме на задоволствата што ни ги предизвикуваат подочниците на Зоки, неговите панични будења во сопствената пот, вибрациите на кутивчињата со апчиња за смирување и притисок, мочката што несвесно ја испушта врз плочките во кујната, неизвесноста околу американскиот азил и околу условите што ќе мора да ги исполни во врска со тоа, маките на спомените на некој драг пријател во Вашингтон кој пред девет години му рекол: Зоки, а, бе, ај седи си тука, имаш убава кариера, пушти го тој Груевски, нели гледаш дека е будала, ќе те заглави, ќе ти ебе мајката; потоа тука е паничното отсуство на Сашо, неговиот страв дека нема да има доволно милијарди долари за да си ја плати слободата според ценовникот на Путин, Ким Јонг Ил или Ел Багдати; го имаме и стравот во очите на Груевски, патецот што му се појавува во оретчената коса, стравот и при најголем зорт да седне на веце-школката во бриселскиот хотел, стравот, мислам, предизвикан од сомневањата дека некоја странска служба ќе го залепи за ceралникот и дека нема да може да си ја наполни батеријата за да разговара со Миле за потпорниот ѕид на Водно, одбивањето да се тушира да не би наместо со вода да го полеат

со некој бавнодејствувачки отров, стравот од пилотот и неговото премиерско инсистирање пилотот да моча и да сере во пилотската кабина, нападната дистанца на Европа од неговата политичка лепра и од компромитираната му фигура, празнењето на сите лифтови во Берлимонт кога тој ќе се појави на вратата на дигалото, смеата на луѓето во врска со Гошинце, умочувањето на луѓето од кикотењето што го предизвикува најавата за тенкови на улиците, фактот дека никој не ги ебе, а тие сè уште треба да издаваат наредби на џандарите за кои знаат дека штом ќе ја треснат вратата ќе си речат: море носете се у пизду материну, стоко бандитска! ■



# Ордите на Груевски ми го убија џипот!

Ордите на Никола Груевски во повлекување убиваат невини луѓе, разоруваат куќи, уништуваат фамилии, бизниси, сè!

Јас сум мала жртва при оргиите на најневеројатната лудост што е забележана во еволуцијата на хомо сапиенсот: сношти ми го запалија џипот, еден убав спомен од времето кога водев успешен приватен бизнис во новинарството пред тие да дојдат да ми го уништат. Прво бизнисот па, еве, сега и споменот!

Од три часот почнаа да ми тропаат на врата, да ми ѕвонат телефоните!

Мислев дека се дојдени по мене, зашто во меѓувреме, добив илјадници закани во една оркестрирана и диригирана кампања од луѓето што се во служба на Големиот идиот со апели да се најде полицаец кој би ја извршил пресудата!

Синоќа се задоволиле со џипот, убав ренџ ровер, римини боја, 2,7 литри, 190 кс, 2007 година.

И со крајната вознемиреност на мојата сопруга.

И на соседите.

Ноќта на оставките решиле да си ја ублажат со пламенот на мојот џип и со тревога во моето семејство!

Но, тоа е, почитувани пријатели. Цената на битката мора да се плати. Јас не ја сметам мојата жртва вредна за внимание од аспект на материјална и финансиска штета. Што е еден џип спрема куќите на луѓето во Куманово! Да не зборуваме за човечките животи кои паднаа не на олтарот на Македонија, како што тврдат лудаците што запалија еден прекрасен автомобил, туку на бездушието на Големиот идиот што имавме несреќа да нè води во оваа невидена пропаст!

Чувајте се, драги пријатели, но не сопирајте ниту за секунда во битката за слобода, нормалност и модерност, не отстапувајте ниту еден милиметар од патот на кој ќе ги стигнеме и ќе ги изринеме!

Се гледаме повторно на улиците и на плоштадите и насекаде каде што треба да бидеме за да бидеме луѓе. ■



# Груевски ќе биде изложен во стаклен столб на плоштадот „Македонија“!

Груевски се обидел да се самоубие со скок од Триумфекалната капија, но паднал на глава!

Груевски се залетал со главата во ѕидините на владата, со намера да се убие, но пропаднал во барокот од стиропор!

Груевски сакал да се самоубие со цијанкалиум, но наместо стаклото на ампулата го скршил забот број шест!

Груевски решил да се самоубие со гола жица под напон, но се распаднал електроенергетскиот систем што го опљачкаа тој и неговите другари!

Груевски му наредил на шефот на својот кабинет, Мартин Борман да го убие, но овој киднал во Јужна Америка!

Груевски рекол: Ако не можам да се убијам сам, сигурно ќе може да ме убие онаа будала Тричковски! Но Тричковски рекол: Не стоко, ти мора да живееш и на своја кожа да преживееш макар мало парче од маките што им ги приредуваше и им ги приредуваш на луѓето, оти за сите нивни маки би ти требале сто милиони животи, а смртната казна би ти дошла како бинго! Последните години ќе те оставиме да ги поминеш во стаклен столб на плоштадот Македонија, со дупчиња горе и долу преку кои кој сака и колку сака ќе може да те плука и замочува! И секој премиер секој ден ќе мора да минува оттука пред да почне да ги решава проблемите на луѓето! ■

Издавач: „Граѓаните за Македонија“
(Протестен камп „Слободиште“)
Уредник: П. Вулкански
Слики: Свирачиња
Скопје, мај 2015